ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-160/2**

**Дата: 13.02.2013**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ - КАПЕТАНИЈА НА ПРИСТАНИШТАТА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Ова известување претставува наш заклучок по извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност во управувањето во областа на внатрешната пловидба во Република Македонија".

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес за обезбедување на услови и преземање мерки за безбедна пловидба во РМ за да одговориме на прашањето: „Дали изградбата, користењето, одржувањето и заштитата на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата овозможуваат безбедна внатрешна пловидба во Република Македонија?".

Нашата ревизија на успешност е извршена согласно Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на ДЗР за 2012 година.

Со ревизијата на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи. Со оваа ревизија го опфативме периодот од донесувањето на законската регулатива од областа на внатрешната пловидба во РМ во 2000 година до денот на ревизијата.

Прелиминарните истражувања беа насочени кон начинот на користење на добрата од општ интерес или извршување на дејности кој се од јавен интерес, односно можноста со пристаништата, зимовниците, сидриштата и капалиштата да стопанисува државата или да ги даде на користење/управување по пат на концесија.

Со цел да дадеме реална и објективна оценка на тековните состојби и да креираме јасни и реални препораки кои надлежните институции во оваа област треба да ги спроведат, ревизијата се насочи на повеќе ризици.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме по пат на спроведените техники и методологија од страна на ревизијата, ни дадоа основа да ги истакнеме следните ревизорски заклучок:

Законската регулатива од областа на внатрешната пловидба во Република Македонија не е имплементирана. Не е извршено изградбата, одржување и заштитата на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата, иако низ езерата постојат и пловат значителен број на пловни објекти, ниту пак Владата на РМ има донесено акт со кој ќе се определи цената на истите. За користење на постојниот зимовник/сидриште, Билјанини извори на Охридското Езеро, дел од корисниците плаќаат на Министерството за одбрана и на други субјекти иако надоместокот е приход на Буџетот на РМ.
За надминување на состојбите во внатрешната пловидба, ревизијата препорачува, одговорните лица во МТВ во соработка со Владата на РМ, да преземат мерки и активности и тоа:

- да се изнајдат начини и можности за обезбедување услови за изградба/ санација, користење, одржување и заштита на постојните пристаништа, зимовници и сидришта на Охридското Езеро со давање на управување на правни и/или физички лица или давање на концесија.
  на останатите внатрешни води погодни за пловидба на кои се одвива водениот сообраќај заради безбедност да се обезбедат услови за изградба, користење, одржување и заштита на пристаништа, зимовници и сидришта на начин уреден со закон, и
- да се донесе акт со кој ќе се определи висината на надоместокот за користење на пловните патишта, пристаништата, зимовниците и сидриштата кој е приход на Буџетот на РМ.

Од Капетанот на Капетанијата, преку Министерството за транспорт и врски, примени се забелешки на Нацрт извештајот, кои претставуваат известувања и дополнителни информации за состојбата односно до која фаза се подготвителните работи на градското пристаниште во Охрид. Овие информации соодветно се обелоденети во точката 1.1. од Нацрт извештајот.